# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.,,7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** | **15.05.2017 година**
**Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** | **Број 5 – 2017 год.**

МАЈ 2017

Врз основа член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општината Македонски Брод бр.02/2003 год.) Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 12.05.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за купување на градежно земјиште со непосредна спогодба за изградба на објект од јавен интерес улица од мост на р.Треска до градските гробишта во Македонски Брод**

1. Со оваа Одлука се одобрува купување на градежно земјиште со непосредна спогодба за изградба улица од мост на р.Треска до градските гробишта во Македонски Брод согласно основниот проект со тех.бр.44-45/2015 изработен од ДГ„СИВИЛ ИНЖЕНЕРИНГ“ ДОО од Скопје. Во постапката потребно е спогодбено решавање на имотно-правните односи на делот од трасата и тоа:

-За дел од КП бр.1670 запишана во ИЛ бр.36,култура „нива“ во површина од 196,00 м2 во сопственост на Димоски Стојан од Македонски Брод,

- За дел од КП бр.1673 запишана во ИЛ бр.36,култура „нива“ во површина од 17,00 м2 во сопственост на Јовески Велимир, Јовески Драгиша, Јовески Светомир и Јовеска Божна од Македонски Брод,

- За дел од КП бр.1676 запишана во ИЛ бр.31,култура „нива“ во површина од 45,00 м2 во сопственост на Димоски Аце од Македонски Брод,

- За дел од КП бр.1677 запишана во ИЛ бр.3009,култура „нива“ во површина од 444,00 м2 во сопственост на Ангелова Драгица, Новеска Стојмирка,Арсоски Драган, Николиќ Виолета, Младеновиќ Ана, Новески Боро, Пешиќ Душица, Новески Душан и Новески Ратко. од Македонски Брод и

- За дел од КП бр.3391 запишана во ИЛ бр.82,култура „ливада“ во површина од 4,00 м2 во сопственост на Блажески Трајан од Македонски Брод.

2.Се задолжува Градоначалникот на општината Македонски Брод да склучи поединечни непосредни спогодби со секој сопственик на градежното земјиште, за обештетување, согласно утврдената цена за надоместок за градежно земјиште од втора зона утврдена од страна на Советот на општината Македонски Брод во износ од 400,00 ден/м2 и дополнителна проценка за уништени овошни дрва .

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Македонски Брод“.

**Бр.18 – 402 /3**
**12.05.2017 год.**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03), Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за купување на градежно земјиште со непосредна спогодба за изградба на објект од јавен интерес улица од мост на р.Треска до градските гробишта во Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за купување на градежно земјиште со непосредна спогодба за изградба на објект од јавен интерес улица од мост на р.Треска до градските гробишта во Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12.05.2017 година.

**Бр.08- 402 /9**
**15.05.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година (Сл.Гласник на Општина Македонски Брод бр.14/16), по доставено барање 18-398/1 од 08.05.2017 год од Здружение на пензионери Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 12.05.2017 година донесе

# О Д Л У К А

## За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод

## за набавка на народна носија

1.На Здружение на пензионери Македонски Брод од Македонски Брод се одобруваат финансиски средства во висина од 20.000,00 денари како финансиска подршка за набавка на народни носии за учество на регионални натпревари и афирмирање на општината Средствата да се исплатат на жиро-сметка на Здружението на пензионери од Македонски Брод.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 402/4**

**12.05.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03), Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за набавка на народна носија**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за набавка на народна носија,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12.05.2017 година.

**Бр.08- 402 /9**
**15.05.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод  бр.2/2003), по доставено барање од 18-377/1 од 28.04.2017г. од Општина Пласница, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12 мај 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За заедничка постапка за решавање на проблемот со кучињата скитници помеѓу општина Пласница, Македонски Брод и Долнени**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Градоначалникот на општина Македонски Брод да отпочне со постапка за решавање на проблемот со кучињата скитници.

**Член 2**

Согласно чл.1, Градоначалникот се овластува да потпише договор за меѓусебните права и обврски со општина Пласница и општина Долнени за изградба на кафези за прифаќање на кучињата скитници на територијата на општина Македонски Брод со задолжување на ЈКП Комунална хигиена за одржување и хранење на кучињата додека средства за изградба на кафезите да бидат на товар на општина Пласница и општина Долнени.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 402/5**
**12.05. 2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03), Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за заедничка постапка за решавање на проблемот со кучињата скитници помеѓу општина Пласница, Македонски Брод и Долнени**

Се прогласува **Одлука за заедничка постапка за решавање на проблемот со кучињата скитници помеѓу општина Пласница, Македонски Брод и Долнени,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12.05.2017 година.

**Бр.08- 402 /9**
**15.05.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.2/2003), по доставено барање од 18-395/1 од 05.05.2017г. од ООУ „Св.Климент Охридски“, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12 мај 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За недавање на согласност на одлуката на училишниот одбор бр.02-236/6 донесена на ден 30.03.2017 година за намалување на сметка за комунална услуга (ѓубретарина)**

**Член 1**

Со оваа Одлука не се дава согласност на одлуката на УО на ООУ„Св.Климент Охридски“, бр.02-236/6 од 30.03.2017 година за задолжување на ЈКП Комунална хигиена за намалување на сметката за ѓубретарина бидејќи со катастарски увид е утврдено дека се работи за реална фактурирана сметка по квадратен метар.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 402/6**
**12.05. 2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03), Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за недавање на согласност на одлуката на училишниот одбор бр.02-236/6 донесена на ден 30.03.2017година за намалување на сметка за комунална услуга (ѓубретарина)**

Се прогласува **Одлука за недавање на согласност на одлуката на училишниот одбор бр.02-236/6 донесена на ден 30.03.2017 година за намалување на сметка за комунална услуга (ѓубретарина),** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12.05.2017 година.

**Бр.08- 402 /9**
**15.05.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.2/2003), по доставено барање од 18-392/1 од 05.05.2017г.од м.з.с.Вир, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12 мај 2017 година, донесе

## О Д Л У К А

### За изработка на проект за изградба на водоснабдителен систем во село Вир

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за изработка на проект за водоснабдителен систем во село Вир, со финансиски средства за изработка на проектот 80% учествува Општина Македонски Брод а 20% месната заедница село Вир согласно закон.

**Член 2**

Согласно чл.1 со одлуката да се извести и месната заедница село Вир заради понатамошна постапка за споведување на истата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 402/7**
**12.05. 2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03), Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за изработка на проект за изградба на водоснабдителен систем во село Вир**

Се прогласува **Одлука за изработка на проект за изградба на водоснабдителен систем во село Вир,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12.05.2017 година.

**Бр.08- 402 /9**
**15.05.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12.05.2017 година донесе

# О Д Л У К А

## За отстапување на трајно користење на мобилни апарати на членови на Советот и Градоначалникот на Општина Македонски Брод

**Член 1**

Согласно оваа Одлука се отстапуваат на трајно користење дванаесет (12) броеви и мобилни апарати кои ги користат членовите на Советот и Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

**Член 2**

Со оваа Одлука по престанок на мандатот на членовите на Советот и Градоначалникот на Општина Македонски Брод претплатата на терет на општината престанува да важи а се задржуваат броевите и мобилните апарати.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 402/ 8**
**12.05.2017 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03), Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за отстапување на трајно користење на мобилни апарати на членови на Советот и Градоначалникот на Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за отстапување на трајно користење на мобилни апарати на членови на Советот и Градоначалникот на Општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 12.05.2017 година.

**Бр.08- 402 /9**
**15.05.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 5 од 15.5.2017 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за купување на градежно земјиште со непосредсна спогодба за изградба на објект од јавен интерес улица од мост на р.Треска до градските гробишта во Македонски Брод ………….. стр.2

Заклучок за прогласување на Одлука за купување на градежно земјиште со непосредсна спогодба за изградба на објект од јавен интерес улица од мост на р.Треска до градските гробишта во Македонски Брод ……………………………………………………………………….. стр.3

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за набавка на народна носија ……………………………………………………………………………….. стр.4

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за набавка на народна носија ........................................................................ стр.5

Одлука за заедничка постапка за решавање на проблемот со кучињата скитници помеѓу општина Пласница, Македонски Брод и Долнени ....................................................................... стр.6

Заклучок за прогласување на Одлука за заедничка постапка за решавање на проблемот со кучињата скитници помеѓу општина Пласница, Македонски Брод и Долнени ............................... стр.7

Одлука за недавање на согласност на одлуката на училишниот одбор бр.02-236/6 донесена на ден 30.03.2017 година за намалување на сметка за комунална услуга (ѓубретарина) ..................... стр.8

Заклучок за прогласување на Одлука за недавање на согласност на одлуката на училишниот одбор бр.02-236/6 донесена на ден 30.03.2017година за намалување на сметка за комунална услуга (ѓубретарина) ................................................................................................................... стр.9

Одлука за изработка на проект за изградба на водоснабдителен систем во село Вир ........ стр.10

Заклучок за прогласување на Одлука за изработка на проект за изградба на водоснабдителен систем во село Вир ................................................................................................... стр.11

Одлука за отстапување на трајно користење на мобилни апарати на членови на Советот и Градоначалникот на Општина Македонски Брод ........................................................... стр.12

Заклучок за прогласување на Одлука за отстапување на трајно користење на мобилни апарати на членови на Советот и Градоначалникот на Општина Македонски Брод .................................. стр.13